РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА

Врз основа на точка 7 од дел II од Програмата за промоција на обновливи извори на енергија и поттикнување на енергетска ефикасност во домаќинствата за 2021 година ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 12/2021), Министерството за економија

**објавува**

**ЈАВЕН ОГЛАС**

**за надоместување на дел од трошоците за купување и инсталирање на фотонапонски панели за производство на електрична енергија до 4 kW за сопствена потрошувачка за домаќинствата, на градба на која има право на сопственост или користење, за 2021 година**

## 1. Опис на јавниот оглас

Со цел стимулирање на домаќинствата за користење на обновливи извори на енергија, кои минимално ги загадуваат воздухот и почвата и не влијаат врз климатските промени, на жителите кои ќе купат и инсталираат фотонапонски панели за производство на електрична енергија до 4 kW за сопствена потрошувачка, на градба на која имаат право на сопственост или користење, Министерството за економија ќе им обезбеди поврат на средства во висина до 30 %, но не повеќе од 62.000 денари по домаќинство за 2021 година.

Право на учество на овој јавен оглас ќе имаат лицата кои имаат купено и инсталирано фотонапонски панели за производство на електрична енергија до 4 kW за сопствена потрошувачка, на градба на која имаат право на сопственост или користење во периодот од 1 јануари 2021 година до 30.06.2021 година.

## 2. Барање за искористување на правото на надоместок

2.1 Право на учество на овој јавен оглас ќе имаат купувачите кои имаат купено и инсталирано фотонапонски панели за производство на електрична енергија до 4 kW за сопствена потрошувачка, на градба на која имаат право на сопственост или користење во периодот од 1 јануари 2021 година до 30.06.2021 година и кои ќе поднесат Образец за барање за искористување на правото на надоместок.

2.2 За надоместување на дел од трошоците и докажување дека условите од дел 1.1 на овој оглас се исполнети, барателот до Министерството за економија задолжително ги доставува следните документи:

1. пополнет образец за барање кој може да се подигне во архивата на Министерството за економија или да се обезбеди преку интернет страната на министерството: www.economy.gov.mk;

2. доказ во оригинал дека е извршено купувањето на фотонапонски панели за производство на електрична енергија до 4 kW, и тоа:

- фискална сметка (со датум од 1 јануари 2021 година до 30.06.2021 година)

или

- фактура со извод од деловна банка или уплатница (со датум од 1 јануари 2021 година до 30.06.2021 година)

3. изјава заверена на нотар по денот на објавување на огласот (образецот на изјавата ќе може да се подигне во архивата на Министерството за економија или да се обезбеди преку интернет страната на министерството: www.economy.gov.mk);

- фотокопија од лична карта на барателот и
- податоци за трансакциската сметка на барателот.

Барањето за искористување на правото на надоместок на дел од трошоците од точка 2 и 3 од овој оглас, заедно со потребната документација, по пошта ќе го достават во ЗАТВОРЕН ПЛИК до Министерство за економија на адреса „Јуриј Гагарин" бр.15, 1000 Скопје, со назнака – ЈАВЕН ОГЛАС ЗА НАДОМЕСТУВАЊЕ НА ДЕЛ ОД ТРОШОЦИТЕ ЗА КУПУВАЊЕ И ИНСТАЛИРАЊЕ НА ФОТОНАПОНСКИ ПАНЕЛИ ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА ДО 4 kW ЗА СОПСТВЕНА ПОТРОШУВАЧКА ЗА ДОМАЌИНСТВАТА, НА ГРАДБА НА КОЈА ИМА ПРАВО НА СОПСТВЕНОСТ ИЛИ КОРИСТЕЊЕ, ЗА 2021 ГОДИНА„ ИМЕ И ПРЕЗИМЕ И АДРЕСА НА БАРАТЕЛОТ. За датум на пристигање на барањето се смета датумот на пристигнување и заведување во евиденцијата на архивата на Министерството за економија најдоцна до 15:30 часот истиот работен ден.

Доколку барателот достави доказ во оригинал за направените трошоци за купено и инсталирано фотонапонски панели за производство на електрична енергија до 4 kW за сопствена потрошувачка, на градба на која имаат право на сопственост или користење (фискална сметка или фактура со извод од деловна банка во периодот од 1 јануари 2021 година до 30.06.2021 година), истите ќе му бидат земени во предвид при утврдување на надоместокот на дел од трошоците за купување на фотонапонски панели за производство на електрична енергија до 4 kW за сопствена потрошувачка, на градба на која имаат право на сопственост или користење.

Едно лице може да поднесе само едно барање за добивање на надоместок по овој основ.

Доделувањето на надоместокот ќе се врши по принципот „прв дојден прв услужен".

Министерството за економија го задржува правото да изврши посета во домаќинствата на лицата кои ќе поднесат барање.

## 3.Начин на остварување на правото на надоместок

**3.1.Поднесените барања ги разгледува Комисија, формирана од Министерот за економија.** Доколку поднесеното Барање е некомплетно, Комисијата, согласно член 39, став 3 од Законот за општа управна постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр. 124/2015) ќе се обрати преку електронска пошта до барателот и ќе побара во рок од 15 дена дополнување на Барањето за субвенционирање. Со цел, запазување на принципот “прв дојден, прв услужен“, за Барањата со некомплетна документација, како датум на поднесување на Барањето ќе се смета датумот на последното дополнување на Барањето во архивата на Министерството за економија, односно датумот кога Барањето за субвенционирање ќе биде целосно комплетирано.
Доколку барателот не го дополни барањето во рокот определен од Комисијата, ќе се смета дека истиот се откажал од барањето.
Одобрените барања ќе бидат исплатени на барателите во зависност од расположивите средства од Буџетот, се до исцрпување на расположивите средства од Буџетот за 2021 година, за оваа намена.

3.2.При распределбата на средствата од Програмата, ќе се имаат предвид критериумите од Одлуката за класификација на планските региони според степенот на развиеноста за период од 2018-2023 година („Службен весник на Република Македонија“ бр. 234 /18).

| Плански регион | Учество во надоместокот за рамномерен регионален развој (во %) |
|---|---|
| Скопски | 7,2 |
| Југоисточен | 11,1 |
| Источен | 11,3 |
| Полошки | 13,2 |
| Пелагониски | 11,9 |
| Вардарски | 14,7 |
| Југозападен | 13,3 |
| Североисточен | 17,3 |
| ВКУПНО | 100,0 |

3.3 Комисијата ќе има за цел да ја утврди исполнетоста на условите за надоместување на дел од трошоците за купување и инсталирање фотонапонски панели за производство на електрична енергија до 4 kW за сопствена потрошувачка, на градба на која имаат право на сопственост или користење во домаќинствата за 2021 година од приложената документација и на министерот за економија ќе му предложи донесување на решенија за исплата на утврдениот надоместок.

3.4. Листите на баратели кои го остваруваат правото на надомест ќе бидат објавени на веб страната на Министерството за економија најдоцна до 31 јули 2021 година.